Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Училишниот одбор при ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола на седницата одржана на ден 23.02.2023 година го донесе следниот:

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ, НАСТАВНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола е училиште кое е препознатливо со својата работа во средината во која се наоѓа.

Основна цел на училиштето е воспитание, образование како и грижа на учениците кои се на училишна возраст. Работејќи според сите стандарди кои ги налага модерното време и современиот начин на живот ова училиште им нуди на сите ученици настава која е поткрепена со најсовремените методи на работа.

На тој начин сите ученици добиваат еднаков третман од наставниците и имаат еднакви можности за да го развијат својот потенцијал и да ја искажат својата креативност.

Основни цели и карактеристики на универзалната етика на ова основно училиште се: достојно извршување на функциите на сите вработени во училиштето, унапредување на наставната дејност, ширење на културата која е изградена и втемелена во работата на училиштето, почитување на традициите кои ги има училиштето, соработка со останатите училишта, како и со Педагошкиот факултет во Битола и сите останати иституции со кои ќе се склучува меморандум за соработка, грижа за учениците, давање на помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Етичките норми и задачи кои ќе се разгледуваат со текстот кој следи важат за секој вработен во училиштето и овие норми потребно е да се почитуваат. Поради тоа се обврзуваат сите наставници со својата чест, свесност и одговорност да ги подржуваат овие определби и норми како составен дел од својата дејност и кариера.

Очекуваме сите вработени да ги почитуваат и да придонесуваат во изградувањето на овие високи стандарди преку претставување на позитивна професионална слика пред учениците, родителите/старателите и други засегнати страни ( сите надворешни соработници на училиштето). Целта на овај документ е да се почитуваат поставените стандарди без да се влијае на личниот избор на вработените. Овај кодекс нема цел да биде во функција на оценување, но се очекува од вработените да ги почитуваат сите наведени побарувања во наведениот кодекс.

### Основни правила на однесување на директор, наставници и останатите вработени во училиштето

### Член 1

Директорот ја има лидерската функција во водењето на секое училиште. Токму поради тоа потребно е да има изградени морални и етички вредности и да знае како да се однесува со сите вработени во училиштето. Поради тоа директорот на ООУ.„ Св. Климент Охридски“- Битола потребно е:

- Да ги штити граѓанските и човековите права на сите вработени во училиштето;
- Да ги почитува сите државни и локални закони;

- Да ги исполнува сите административни закони и законски одредби;
- Се залага за одржување на високите стандарди на професионална работа кај наставниците и вработените во училиштето;
- Да обезбеди ефикасно и ефективно раководство и управување со училиштето;
- Да ја зајакнува комуникацијата внатре во училиштето и со јавноста;
- Навреме да ги информира вработените за се' она што е потребно или треба да се изврши или спроведе во училиштето;
- Да се залага за се' поголемо истакнување на училиштето во заедницата со препознатливи активности и проектни задачи;
- Да се залага за партнерство со родителите;
- Директорот се обврзува перманентно да се усовршува во управувањето и водењето на училиштето;
- Да соработува со локалната самоуправа и ги истакнува сите потреби на училиштето и воспитно- образовниот процес во него;
- Да ја преземе главната одговорност како професионален лидер на училиштето за целосно остварување и реализација на курикулумот како и наставните планови и програми;
- Да го гледа училиштето како заедница во која се учи, професионално се развива, се поучува и воспитува;
- Да ја актуелизира тимската работа и да ја поттикне соработката на членовите на тимовите и тимовите помеѓу себе;
- Да се посветува на интегритетот, чесноста и почитувањето на личноста на секој од вработените;
- Да биде постојано лојален кон работата како и кон вработените во училиштето;
- Заедно со сите наставници да гради мрежа на соработка и комуникација помеѓу училиштето, родителите, наставниците и локалната средина.

**Член 2**

Поаѓајќи од тоа дека наставникот е просветен работник и е во положба на изградување на здрави личности, кои треба да бидат носители на идното општество, потребно е да почитува одредени правила и норми и да се однесува сооедветно во средината во која што работи. Свесно и одговорно потребно е да се исполнуваат задачите кои се зацртани во работата на училиштето и да се стреми кон остварување на мисијата на истото. Порати тоа наставниците и останатите вработени во училиштето се обврзуваат:

- Професионално да ја извршуваат својата работа;
- Во целост да го спроведуваат воспитно- образовниот процес;
- Во целост да ги почитуваат и остваруваат целите на наставата;
- Да ја воздигнуваат традицијата на просветниот работник;
- При работењето да не ги дискриминираат учениците, родителите/старателите или колегите и соработниците;
- Да ја почитуваат личноста на учениците, нивните родители/старателите и останатите вработени во училиштето.

## Професионалниот лик на наставникот

**Член 3**

Како професионалец, наставникот и останатите вработени за да ги извршуваат работните задачи, стручно, професионално, навремено, уредно, чесно и одговорно потребно е:

- Да биде стручен и соодветно образован за работата која ја извршува;
- Да има високо развиена педагошка свест;
- Самостојно и во соработка со колегите да ја планира и да ја реализира наставата со коректност, непристрасност, објективност и чесност;
- Да ги знае и почитува законските одредби и одлуките на органите донесени на ниво на училиштето;
- За време на часовите и во текот на работата наставникот и останатите вработени потребно е да внимаваат на јазикот, т.е. да се зборува на литературен јазик јасно чисто и разбирливо;
- Наставниците треба да знаат дека воспитно- образовниот процес во кој тие се учесници еднакво да ги третира учениците без дискриминација и без разлика на верата, полот, етничкото потекло или социјалното потекло на јазична и расна припадност;
- Наставникот се обврзува да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот се обврзува да употребува стил на комуникација која ќе биде соодветна со возраста на учениците, отворена и поучна;
- Наставникот треба да создава клима во која ќе бидат застапени сите педагошки компоненти за работа во која ќе го поттикне ученикот да ги изрази и развие својот надобар потенцијал;
- Наставникот се обврзува да ја запознае личноста на секој ученик за да може да знае на кој начин да пристапи и како да го развие својот потенцијал;
- Наставникот треба да го научи ученикот како да се самооценува;
- Наставникот се обврзува да го оценува знаењето и постигањето на ученикот во согласност со поставените критериуми за оценување, кои важат за сите ученици подеднакво;
- Наставникот потребно е да примени казнени мерки за ученикот кога се прават прекршоци или има недолични однесувања на учениците;
- Наставникот не смее учениците да ги казнува и малтретира физички или психички;
- Со својот изглед да бидат пример за учениците преставувајќи им ги културните и естетските навики;
- Наставникот секогаш треба да биде подготвен да ги воочи, да ги надмине и да ги реши сите пробелми во врска со наставата и учениците;
- Наставникот се обврзува редовно да се усовршува професионално и надоградува;
- Наставникот потребно е да иницира проекти и нови методи во работата преку кои ќе го промовира своето знаење и ќе придонесе за развој и афирмација на училиштето во средината;
- Наставникот се обврзува навреме да го започне часот и навремено да го заврши;
- Се обврзува навреме да го заведе часот и отсутните ученици во текот на денот;
- Се обврзува навремено и уредно да води педагошки картон и истиот навремено да го достави во ППС и директорот;

- Наставникот се обврзува да ги планира и спроведе сите дополнителни, додатни и вонннаставни активности кои ќе придонесат за максимален развој на учениците;
- Наставникот се обврзува дека пред учениците не смее да ги застапува или презентира своите политички убедувања и не смее да спроведува било каква политичка пропаганда во текот на реализацијата на наставата;
- Наставникот се обврзува помеѓу учениците да изгради однос на разбирање и соработка;
- Наставникот треба да соработува со родителите/старателите. Односот на наставникот и родителот треба да биде пријателски и во културен контекст кој ќе води до соработка;
- Наставникот се обврзува навреме и објективно да го информира родителот за постигањето на учениците;
- Наставникот се обврзува да помогне на родителот, доколку тоа не е возможно потребно е да го упати во соодветната стручна институција во зависност од проблемот;
- Информациите добиени од родителот не треба јавно да ги изнесува пред колегите или пред останатите родители односно да обезбеди неопходна тајност со исклучок на ППС.

**Меѓусебниот однос на наставниците и останатите вработени во училиштето**

**Член 4**

Еден од основните услови за правилно функционирање на училиштето е развивање на соработлива клима на работа, во која наставниците и останатите вработени ќе изградуваат професионален однос.

- Наставникот и другите вработени во училиштето се обврзуваат да ја почитуваат личноста на секој колега без оглед на неговото работно искуство, возраста, полот или националната или верската припадност;
- Наставникот потребно е да соработува и да разменува искуства со останатите вработени во училиштето;
- Наставникот се обврзува да не упатува лични навреди кон колегите или тенденциозно да го напаѓа својот колега;
- Наставникот се обврзува да му помага на секој млад и нов колега;
- Наставникот има право да го искаже своето мислење без притоа никого од колегите да навреди;
- Наставникот и другите вработени со своето однесување придонесуваат за развивање на добри меѓусебни односи низ заемно почитување градење на доверба и создавање на пријатна работна атмосфера, тимска работа, соработка, толерантност и меѓусебно разбирање.
- Наставникот и другите вработени да избегнуваат активности и однесувања што се спротивни на професионалното вршење на работните задачи кои можат да наштетат на интересот и угледот на училиштето;
- Наставникот и другите вработени во училиштето нема да одбијат работни задачи од работното место на кои се распоредени освен во случаи утврдени со закон;
- Наставникот и другите вработени во училиштето, одбиваат да постапуваат спротивно на Закон или на начин кој претставува злоупотреба на овластувањата.

**Наставникот и куќниот ред на училиштето**

**Член 5**

- Наставникот и другите вработени треба да ги почитувааат законските одредби во врска со времетраењето на наставата и работното време и часот;
- Наставникот е одговорен за инвентарот во просторијата во која ја изведува наставата и во кабинетите;
- Наставникот се обврзува да ги почитува и спроведува сите правила за користењето на информатичката технологија во наставата;
- Наставникот треба да го информира директорот и педагошко - психолошката служба за секоја штета која е направена во училиштето и во просториите во кои се изведува наставата;
- Наставникот и другите вработени во училиштето со начинот на нивното облекување да не предизвикува впечаток на непристојност или нарушување на угледот на институцијата во која е вработен;
- Наставникот и другите вработени во училиштето на работното место не смеат да бидат под дејство на алкохол што може да влијае врз неговото здраво однесување и е казниво по Закон.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Кодексот на однесувањето на наставниците и останатите вработени во училиштето стапува во сила со неговото донесување.

02-81/11

23.02.2023година

Битола

Претседател на УО

_________________

Милена Мајсторовска